**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА НАБАВУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ**

- Барањето за издавање одобрение за набавување на оружје може да се најде на шалтерите во Отсеците за оружје, експлозивни и опасни материи и подрачните единици според местото на живеење;
- Важечка лична карта;
- Уплата на административна такса во износ од 250,00 денари на уплатница за издавање одобрение за набавување на секое поединечно парче оружје,
- Одобрение за набвување на оружје на физичко лице со цел да се издаде дозвола за оружје, се врши ако физичкото лице ги исполнува следните услови:
- Потврда издадена од Центарот за социјална работа дека врз основа на судска одлука на подносителот на барањето не му е одземена или ограничена деловната способност,
- Лекарско уверение за извршен лекарски преглед издадено од надлежна здравствена установа.

Лекарскиот преглед го вршат следните здравствени установи на територијата на Република Македонија:

- Здравствен дом на Скопје – Скопје, Институт за медицина на трудот,

- Здравствен дом на Скопје- Скопје, Поликлиника Букурешт РЕ специјалистичко – консултативна служба,

- Воена болница – Скопје, ИПМ Одделение за медицина на трудот,

- Здравствен дом на Скопје- Скопје, Поликлиника Јане Сандански,

-Здравствена станица – Железара – Скопје,

Здравствен дом – Велес- Служба за медицина на трудот,

Здравствен дом- Прилеп- Служба за медицина на трудот,

Здравствен дом- Битола- Служба за медицина на трудот,

Здравствен дом- Охрид- Служба за медицина на трудот,

Здравствен дом- Куманово- Служба за медицина на трудот и

Здравствен дом – Тетово- Служба за медицина на труд

- уверение дека подносителот не е осудуван за кривични или прекршочни дела и уверение од казнена евиденција кои уверенија ги издава судот надлежен според местото на раѓање и живеење на подносителот на барањето,
- оправдана причина за набавување на оружје – се утврдува на начин што подносителот на барањето треба да докаже дека постојат оправдани причини за поседување на оружје, а особено ако неговата лична безбедност, безбедноста на неговото семејство или имот се сериозно загрозени, или ако:

-собира колекционерско оружје, односно е колекционер;

-донесена е правосилна судска одлука за наследување на оружјето;

-доделена е награда во вид на оружје, за постигнати резултати во официјални натпревари во лов или спортско стрелаштво или

-доделено е оружје, од страна на државни органи, меѓународни организации или органи на други држави.

- е активен член на ловечко или стрелачко друштво и има потврда за положен ловечки испит, односно, потврда дека е активен член на стрелачко друштво.

- Уверение за положен стручен испит за проверка на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавање на прописите за оружје издадено од надлежна комисија формирана од Министерот за внатрешни работи.

Практичното оспособување за ракување со оружје на територијата на Република Македонија го вршат следните овластени правни лица:

- Друштвото за производство и трговија “СТРЕЛЕЦ 2008“ ДООЕЛ од ШТИП, со седиште на ул. “Гоце Делчев“ бр. ББ во ШТИП,
- Друштвото за производство, трговија и услуги “АРСЕНАЛ“ Аџиоски Оломан ДООЕЛ увоз-извоз од СТРУГА,со седиште на ул. “Маршал Тито“ бб,
- Друштвото за трговија и услуги “ТАРГЕТС“ ДООЕЛ од СКОПЈЕ,со седиште на ул. “Народен фронт“ бр. Б-2/3-39 во СКОПЈЕ,
- Друштво за производство, трговија и услуги “БЕЈБУНАР“ увоз – извоз ДООЕЛ Охрид, со седиште на ул.Нас “Бејбунар“ бр.бб Охрид,
- Друштво за трговија и услуги “СПОРТ ШКОРПИОН “ ДООЕЛ увоз – извоз од с.Лабуништа, Струга , со седиште на ул.Наслено место без уличен систем Лабуништа –Струга.

Техничкото познавање за ракување со оружје се докажува и со важечка дозвола за таков вид на оружје .

Додека одобрение за набавување на оружје на правно лице се издава врз основа на претходно поднесено писмено барање за издавање одобрение за набавување на оружје, ако правното лице има:

-оправдани причини за набавување на оружје, односно дозвола за приватно обезбедување(сопствени потреби, во вид на дејност или техничко обезбедување) издадена од Министерот за внатрешни работи,

- простор за безбедно сместување и чување на оружјето.

Правните лица кои набавуваат оружје заради приватно обезбедување, потребно е да имаат работници кои имаат засновано работен однос на неопределено време во тоа правно лице и кои ги исполнуваат условите од членот 9 став 1 точки 4 и 6 на овој закон.

Одобрението за набавување на оружје делови за оружје и муниција важи 6 месеци од денот на изадавањето.

**ДО**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА НАБАВУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ

А) ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ (ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО)

| Име | Презиме |
| --- | --- |
| | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање |
| --- | --- |
| _____ . _____ . ___________ | |

| Место и адреса на живеење | Податоци за контакт |
| --- | --- |
| | |

Б) ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ (ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО)

| Фирма/назив на правното лице |
| --- |
| |

| Седиште на правното лице |
| --- |
| |

| Податоци за контакт |
| --- |
| |

Датум и место на поднесување на барањето

Потпис на подносителот

____.____._20____, __________________ ________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ________________________________

1. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО за подносител на барањето - физичко лице :

| | |
|---|---|
| ☐ | Доказ за идентитет (лична карта), а доколку подносителот е странец важечка лична карта за странец |
| ☐ | Доказ за наполнети 18 години живот (*) |
| ☐ | Доказ за живеалиште (*) |
| ☐ | Доказ дека не е одземена или ограничена деловната способност (*) |
| ☐ | Доказ дека здравствено е способно да поседува и носи оружје |
| ☐ | Доказ дека не претставува опасност за јавниот ред (*) |
| ☐ | Доказ за оправдана причина за набавување на оружје |
| ☐ | Доказ дека располага со техничко знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавање на прописите за оружје (*) |
| ☐ | Доказ за положен ловечки испит (*) |
| ☐ | Доказ за активен член во ловечко или стрелачко друштво |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката |

2. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО за подносител на барањето - правно лице :

| | |
|---|---|
| ☐ | Доказ за извршен упис на дејноста на правното лице во Централниот регистар на Република Македонија (*) |
| ☐ | Доказ дека има оправдана причина за набавување на оружје |
| ☐ | Доказ за простор за безбедно сместување и чување на оружјето (*) |
| ☐ | Доказ дека работникот во правното лице има засновано работен однос на неопределено време(*) |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката |

3. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО за подносител на барањето - правно лице за физичко лице (вработен на обезбедување):

| | |
|---|---|
| ☐ | Доказ дека работникот во правното лице има засновано работен однос на неопределено време(*) |
| ☐ | Доказ дека работникот не претставуваат опасност за јавниот ред (*) |

| | |
|---|---|
| ☐ | Доказ дека располагаат со техничко знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавање на прописите за оружје (*) |
| ☐ | Доказ дека не е одземена или ограничена деловната способност (*) |
| ☐ | Доказ дека здравствено е способно да поседува и носи оружје |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност

Доказите кои не се означени со (*) се доставуваат како копија или заверени од нотар

3. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) на ова барање.

Датум и место на поднесување на барањето

Потпис на подносителот

____.____._20____, __________________

________________________________

СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО

Молам да ми се издаде одобрение за набавување оружје од следната категорија:

(заокружи го бројот пред категоријата)

1. ☐ категорија Б

2. ☐ категорија Ц

тип/ вид на оружје

(заокружи го бројот пред типот/ видот)

Категорија Б

1. ☐ полуавтоматско или репетирачко кусо огнено оружје;
2. ☐ еднострелно кусо огнено оружје, со централно палење;
3. ☐ еднострелно кусо огнено оружје со барно палење, со вкупна должина помала од 28 см;
4. полуавтоматско долго огнено оружје, чиј магацин и лежиште на куршуми можат да примат повеќе од три куршуми;
5. ☐ полуавтоматско долго огнено оружје, со магацин и лежиште на куршуми, кои можат да примат до три куршуми и чиј полнач се менува, односно ова оружје може да се преправи, со помош на вообичаен алат, по што магацинот и лежиштето на куршуми можат да примат повеќе од три куршуми;
6. ☐ репетирачко и полуавтоматско долго огнено оружје, со нежлебена цевка со должина до до 60 см;
7. ☐ полуавтоматско огнено оружје за цивилна намена што наликуват на автоматско оружје;

Категорија Ц:

1) ☐ репетирачко долго огнено оружје, што не е опфатено со точката 6 од категоријата Б;
2) ☐ еднострелно долго огнено оружје со жлебена цевка;
3) ☐ полуавтоматско долго огнено оружје, што не е опфатено со точките 4, 5, 6 и 7 од категоријата Б;
4) ☐ еднострелно кусо огнено оружје со рабно палење со вкупна должина поголема или еднаква на 28 см;
5) ☐ еднострелно долго огнено оружје со нежлебени цевки;
6) ☐ адаптери;
7) ☐ пневматско оружје со кинетичка енергија од 10,5 J или повеќе или со брзина на проектил 200м/с или поголема или калибар поголем од 4,5 мм;
8) ☐ оружје за светлосно звучна- сигализација и
9) ☐ оружје со тетива со јачина на натегнување на тетивата над 45 килограми

Оружјето е од следниот вид:

(заокружи еден од видовите)

1. ☐ долго огнено оружје со жлебена цевка од Б и Ц категорија;
2. ☐ долго огнено оружје со нежлебена цевка од Б и Ц категорија;
3. ☐ кусо огнено оружје со жлебени цевки од Б и Ц категорија;

Причина за набавување на оружјето:

(заокружи пред една од причините)

1. ☐ за безбедност (за лична безбедност, безбедноста на семејство или или ако работите и задачите што се вршат на работното место се од таква природа што можат да предизвикаат опасност од загрозување на животот или имотот.

2. ☐ за лов активен член на ловечко друштво и доставувам потврда за положен

ловечки испит);

3. ☐ за спорт (активеn членство на стрелачко друштво и доставувам потврда за

активно членство на стрелачко друштво;

4. ☐ по основ на наследување (барањето се поднесува во рок од 2 месеца од денот на

завршувањето на оставинската постапка)

5. ☐ за вршење дејност обезбедување на лица и имот за сопствени потреби или за вршење на

обезбедување на лица и имот.

Поседувам оружје од категорија ______________ вид, односно,тип _________________марка _________________, модел_________________ калибар_______________мм фабрички број _____________со дозвола регистарски број________________ издадена на ____________ година од _______________________.

ДЕТАЛНО ОБРАЗЛОЖЕТЕ ГИ ПРИЧИНИТЕ ЗА НАБАВУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕТО

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
__________

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА НАБАВУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ :

- Податоците од барањето ги пополнува подносителот на барањето;
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот “податоци за контакт“;
- Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 2 кои не се означени со ѕвезда (*), а Министерството за внатрешни работи, не е во можност да ги прибави по службена должност, подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето;